„Примерот на лицемерот е како примерот на овцата што се движи помеѓу две стада, час оди во едното, час во другото.“

Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Примерот на лицемерот е како примерот на овцата што се движи помеѓу две стада, час оди во едното, час во другото.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ја објаснил состојбата на лицемерот, велејќи дека тој е сличен на овцата што се колеба и не знае кое стадо да го следи, час оди кај едното стадо, час кај другото. Тие се збунети помеѓу верувањето и неверието; ниту се целосно со верниците, ниту надворешно, ниту внатрешно, ниту, пак, со неверниците. Нивниот надворешен изглед потсетува на верниците, но внатрешноста им е полна со сомнеж и колебање, па понекогаш се наклонети кон едните, а понекогаш кон другите.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65019